Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-275
20.09.2021 година
Велес

До
Сектор / одделение за финансии,
сметководство / ревизија

Предмет: Покана за работилница

Почитувани,
Следејќи ги потребите и барањата за обука, потребата од размената на информации и зголемување на вештините, Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија – Велес, со задоволство Ве поканува на **Online работилница преку платформата ZOOM** на тема:

**„Предизвици од управувањето со јавните финансии, даночни аспекти, како и правата на плата и додатоци на плата“**

која ќе се одржи на ден **29.09.2021 година (среда),** со почеток во 9.30 часот. Пожелно е учесниците да бидат регистрирани на платформата **ZOOM** до 9.15 часот, непосредно пред почетокот на работилницата ќе добијат корисничко име (user name) и лозинка (password). Работилницата ќе заврши во 14.00 часот.

Работилницата е наменета за вработените во секторите/одделенијата за финансии, даноци, внатрешна ревизија во институциите од јавниот сектор (единиците на локалната самоуправа; буџетски корисници; регулаторни тела; јавните здравствени установи, јавни претпријатија), како и за невладините организации.

Организирањето на работилницата претставува континуитет и продолжување на повеќе од дведецениската практика и традиција за подготовка на високо стручни материјали, одржување работилници и обезбедување поддршка во повеќе области. Учесниците на работилницата ќе имаат можност да разменат информации, искуства и добри практики за следните теми:

- **Водење на деловни книги**
- **Сметководствени принципи и начела**
- **Остварување на право и пресметка на плата и додатоци на плата**
- **Надоместоци кај буџетски корисници**
- **Евидентирање на расходи по основ на: камати, курсни разлики, провизии**
- **Измени во даночниот систем**
- **Даночен третман на донации дадени на буџетски корисници за поддршка во борба против корона 19**
- **Права и обврски на здравствени работници за престанок на работен однос**

Обезбедениот квалитетен експерт-практичар, со своето долгогодишно искуство во областа на финансиското работење во јавниот сектор, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање / дискусија на работилницата, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше активно учество.

Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата и сет на материјали.

Надоместокот за учество на работилницата и добивање на материјалите по електронски пат, по учесник изнесува само **2.500 денари + 18% ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје
Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје
Даночен број МК 4004997107233

Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во Здружението со доставување на пополнети пријави за учество на обуката на e-mail zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на обуката и агендата се поставени на нашата веб страна: https://zfr.org.mk/. За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку наведените e-mail адреси. Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од обуката.

Со почит,

Извршен директор,
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалните самоуправи и ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВЕЛЕС 2